ОПШТИНА КАРПОШ
Одделение за поддршка и организација на работата на Советот

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

# ЗАПИСНИК

## од 56 (педесет и шеста) редовна седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 14 ноември 2024 година (четврток)

Педесет и шеста седница на Советот на Општина Карпош се одржа на 14 ноември 2024 година (четврток), со почеток во 10.15 часот, во просториите на Универзитетот за туризам и менаџмент.

Врз основа на евиденцијата, на почетокот Претседателот на Советот утврди дека на седницата присуствуваат 23 членови на Советот, според што Советот може да работи и полноправно да одлучува.

На седницата присуствуваа следните членови на Советот: Добрила Андоновска, Зоран Краљевски, Предраг Станковски, Убавица Игнатоска, Адријана Јакимовска Панчевска, Александар Илиески, Христо Саракинов, Виолета Куновска, Владимир Бислимовски, Марин Докузовски, Гордана Ивановски Велковска, Мартин Димоски, Бранко Ристов, Ивана Петковска, Славко Митевски, Татјана Стојановска, Давор Грче, Јахји Мемедов, Александра Антевска, Наталија Спировска, Благица Цветановска, Дејан Лазаревски и Невена Георгиевска.

На 56. седница на Советот присуствуваа раководителите на секторите и одделенијата во Општината, со цел да ги образложат предложените акти, доколку за тоа се јави потреба.

На 56. седница присуствуваше Градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски и Секретарот на Општина Карпош Весна Стефанова.

Претседателот на Совет соопшти дека Благица Цветановска- член на Советот на Општина Карпош се пријавила да земе збор и ја повика на говорница.

Зема збор Благица Цветановска која ги информираше сите присутни дека на ден 08 ноември, почитуваната и скоро пензионирана директорка на ЈУОДГ „Распеана Младост“ Савка Ковачевска по кратко боледување починала, воедно побара да се оддаде почит кон нејзиниот лик и дело со една минута мол.

Претседателот на Советот, согласно член 39 од Законот за локална самоуправа, член 16 од Статутот на Општина Карпош и член 59 од Деловникот на Советот на Општина Карпош ја отвори 56. седница на Советот на Општина Карпош по што се интонираше химната на Република Северна Македонија.

Претседателот на Совет зема збор и даде известување дека камерманот е на подолго боледување и дека снимката од седницата ќе се постави на јутуб каналот во текот на денот најдоцна до утрешниот ден. Исто така извести дека предложениот дневен ред ќе претрпи измени, односно ќе се предложи дополнителна точка на дневниот ред: Предлог - Одлука

за давање согласност за изготвување Физибилити студија за воспоставување на јавно приватно партнерство од областа на енергетската ефикасност - за одржување на јавното осветлување на територија на Општина Карпош и дополнителна точка: Советнички прашања.

Претседателот на Совет го повика Дејан Јунузовски – претставник од службите од Секторот за екологија и енергетска ефикасност да ја оправда/образложи потребата од додавање на точката на дневен ред.

Зема збор Дејан Јунузовски претставник од службите од Секторот за екологија и енергетска ефикасност кој посочи дека има подготвена презентација која ќе ја презентира со која ќе ги запознае членовите на Советот од потребата за изработка на физибилити студија и презентација прикажана во табеларен приказ колку Општина Карпош заштедила со поставување на ЛЕД светилките.

Претседателот на Совет ја стави на гласање - Предлог - Одлука за давање согласност за изготвување Физибилити студија за воспоставување на јавно приватно партнерство од областа на енергетската ефикасност - за одржување на јавното осветлување на територија на Општина Карпош, како дополнителна точка на предлог - дневниот ред бр.19.

По спроведеното гласање, службите констатираа дека со 13 гласови ЗА се додава точката на предлог - дневниот ред како точка 19.

Претседателот на Совет стави на гласање – Советнички прашања, како дополнителна точка на предлог -дневниот ред бр.20.

По спроведеното гласање, службите констатираа дека со 19 гласови ЗА се додава точката на предлог - дневниот ред како точка 20.

За работа на Советот на оваа седница Претседателот на Советот го предложи следниот:

**ПРЕДЛОГ ДНЕВЕН РЕД:**

- Предлог - Записник од 45 редовна седница на Советот на Општина Карпош
- Предлог - Записник од 46 редовна седница на Советот на Општина Карпош
- Предлог - Записник од 47 редовна седница на Советот на Општина Карпош

1. **Предлог – Решение за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување за 2024 година во Општина Карпош - Скопје**

2. **Предлог – Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2024 година**
3. **Предлог – Одлука за проширување на средствата за Буџетот на Општина Карпош**
4. **Предлог - Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на нови градежни парцели од ГП 05.01 од ДУП населба Злокуќани опфат “А” со намена В2 – здравство, КО Злокуќани, Општина Карпош, поднесено од БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје.**
5. **Предлог – План на Програми за развој на Општина Карпош за 2025 година**
6. **Предлог – Одлука за давање под закуп на рекламен простор на надземниот премин „Влајко“**
7. **Предлог - Програма за екскурзии, излети и други вонучилишни активности од ООУ „Аврам Писевски “, Општина Карпош - Скопје за 2024/2025 година**
8. **Предлог – Решение за изменување и дополнување на Решението за именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Братство“ Општина Карпош - Скопје**
9. **Предлог – Решение за изменување и дополнување на Решението за именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Владо Тасевски“ Општина Карпош - Скопје**
10. **Предлог – Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања**
11. **Предлог – Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за заштита на животната средина и природата ( екологија и енергетска ефикасност)**
12. **Предлог – Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за комунални работи и сообраќај**
13. **Предлог – Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за јавни дејности (образование, социјална и детска заштита)**
14. **Предлог – Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за култура**
15. **Предлог – Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за спорт**
16. **Предлог – Одлука за отстапување на користење на објект во сопственост на Општина Карпош на Црвениот Крст на Република Северна Македонија – Општина Карпош**
17. **Предлог – Одлука за доделување на финансиски средства за печатење на книга**
18. **Предлог – Одлука за одобрување на финансиски средства за одржување концерт по повод 40 – годишнината од постоењето на група „Меморија“**
19. **Предлог - Одлука за давање согласност за изготвување Физибилити студија**

**за воспоставување на јавно приватно партнерство од областа на енергетската ефикасност - за одржување на јавното осветлување на територија на Општина Карпош**

20. **Советнички прашања**

Претседателот на Совет отвори расправа по дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Совет го затвори претресот и дневниот ред со 19. точки го стави на гласање.

По спроведеното гласање со 22 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, е усвоен дневниот ред од 56. седница на Советот на Општина Карпош.

**ДНЕВЕН РЕД**

- **Предлог - Записник од 45 редовна седница на Советот на Општина Карпош**
- **Предлог - Записник од 46 редовна седница на Советот на Општина Карпош**
- **Предлог - Записник од 47 редовна седница на Советот на Општина Карпош**

1. **Предлог – Решение за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување за 2024 година во Општина Карпош - Скопје**
2. **Предлог – Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2024 година**
3. **Предлог – Одлука за проширување на средствата за Буџетот на Општина Карпош**
4. **Предлог - Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на нови градежни парцели од ГП 05.01 од ДУП населба Злокуќани опфат “А” со намена В2 – здравство, КО Злокуќани, Општина Карпош, поднесено од БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје.**
5. **Предлог – План на Програми за развој на Општина Карпош за 2025 година**
6. **Предлог – Одлука за давање под закуп на рекламен простор на надземниот премин „Влајко“**
7. **Предлог - Програма за екскурзии, излети и други вонучилишни активности од ООУ „Аврам Писевски “, Општина Карпош - Скопје за 2024/2025 година**
8. **Предлог – Решение за изменување и дополнување на Решението за именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Братство“ Општина Карпош - Скопје**
9. **Предлог – Решение за изменување и дополнување на Решението за именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Владо Тасевски“ Општина Карпош - Скопје**

10. **Предлог – Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања**
11. **Предлог – Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за заштита на животната средина и природата ( екологија и енергетска ефикасност)**
12. **Предлог – Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за комунални работи и сообраќај**
13. **Предлог – Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за јавни дејности (образование, социјална и детска заштита)**
14. **Предлог – Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за култура**
15. **Предлог – Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за спорт**
16. **Предлог – Одлука за отстапување на користење на објект во сопственост на Општина Карпош на Црвениот Крст на Република Северна Македонија – Општина Карпош**
17. **Предлог – Одлука за доделување на финансиски средства за печатење на книга**
18. **Предлог – Одлука за одобрување на финансиски средства за одржување концерт по повод 40 – годишнината од постоењето на група „Меморија“**
19. **Предлог - Одлука за давање согласност за изготвување Физибилити студија за воспоставување на јавно приватно партнерство од областа на енергетската ефикасност - за одржување на јавното осветлување на територија на Општина Карпош**
20. **Советнички прашања**

Претседателот на Совет отвори расправа по предлог – записникот од 45 седница.
Бидејќи никој не се јави за збор, го затвори претресот и предлог – записникот го стави на гласање.
По спроведеното гласање со 12 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, е усвоен записникот од 45 седница на Советот на Општина Карпош.

Претседателот на Совет отвори расправа по предлог – записникот од 46 седница.
Бидејќи никој не се јави за збор, го затвори претресот и предлог – записникот го стави на гласање.
По спроведеното гласање со 12 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, е усвоен записникот од 46 седница на Советот на Општина Карпош.

Претседателот на Совет отвори расправа по предлог – записникот од 47 седница.

Бидејќи никој не се јави за збор, го затвори претресот и предлог – записникот го стави на гласање.
По спроведеното гласање со 12 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, е усвоен записникот од 47 седница на Советот на Општина Карпош.

**1. Предлог – Решение за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување за 2024 година во Општина Карпош - Скопје**

Претседателот на Совет отвори расправа по предлог точката.

Зема збор член на Советот Невена Георгиевска која постави прашање дека на 52 седница кога се гласале токму овие измени и дополнувања на Годишниот план за вработување на Општина Карпош, добила информација дека по изгласувањето годишниот план се доставува до МИОА за добивање согласност, па согласно тоа бара информација дали е добиена таа согласност.

Зема збор Гордана Божиновска Стаматовска – раководител на Секторот за човечки ресурси која образложи дека измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување за 2024 година, повторно е ставен на гласање поради укинувањето на Балансерот и донесената нова методологија односно новиот образец според кој се потполнуваат работните места. Врз основа на тоа, согласност од Министерство за јавна администрација не е добиена, добиени се насоки како да се постапува понатака во постапката, и затоа повторно е ставен на гласање.

Зема збор членот на Советот Невена Георгиевска која посочи дека во измената на годишниот план за вработување за 2024 година се предвидени 16 прераспределби, во претходниот план за вработување за 2024 биле предвидени 22 нови вработувања и во сегашната измена се повторно 22 нови вработувања.

Зема збор Зема збор Гордана Божиновска Стаматовска – раководител на Секторот за човечки ресурси која одоговри дека дел од предвидените места се исти, дел не, во смисла некои вработувања се реализирани но некои не се и затоа повторно се предвидени во измената на годишниот план за вработување како планови за вработување што не значи дека сите тие ќе се реализираат.

Зема збор член на Советот Невена Георгиевска која констатираше дека вработени во општинската администрација како државни службеници има 160 луѓе и постави прашање колку се со договор вработени ?

Зема збор Зема збор Гордана Божиновска Стаматовска – раководител на Секторот за човечки ресурси која одговори дека 90 луѓе се со договор, изгласани од Советот на Општина Карпош распоредели во секторот за екологија и енергетска ефикасност кои ја одржуваат хигиената во општината, 10-тина се ангажирани во дневен престој и околу 50 се во адмисистрација како службеници.

Зема збор член на Советот Невена Георгиевска која постави прашање дали привремено вработените во Општината ќе имаат приоритет при вработувањето?

Зема збор Зема збор Гордана Божиновска Стаматовска – раководител на Секторот за човечки ресурси која одговори дека приоритет не може да имаат бидејќи вработувањето се спроведува со јавен оглас но имаат поволност во смисла на повеќе бодови бидејќи имаат работно искуство во Општината.

Зема збор Гордана Божиновска Стаматовска – раководител на Секторот за човечки ресурси која објасни дека по систематизација се предвидуваат таков вид на работни места иако во суштина тоа се места за хигиено-технички персонал.

Зема збор член на Советот Добрила Андоновска која истакна дека затоа постојат комисиите при Совет, за сите прашања поврзани со предлог точките може да се дискутираат и образложат. Постојат два вида на вработувања според Закон за работни односи и според Закон за административни службеници кој е комплексен испит. Не значи по автоматизам кој што работи во Оштина Карпош ќе има приоритет при вработување, туку според јавниот оглас кој е прворангиран тој и ќе се вработи.

Зема збор Татјана Стојановска – член на Советот на Општина Карпош која изјави дека точно постојат комиси при Совет но конкретно на комисијата каде се дискутирало по оваа точка а дневниот ред не бил присутен претставник од секторото кој би дал одоговор односно образложени конкретно побара подетално да се објаснат работните места, конкретно дали Општина Карпош ќе вработува дактилографи бидејќи никој не знаел да одоговори?

Зема збор Јелена Цветковиќ – претставник од одделението за поддршка и организација на Советот кој одговори дека на одржаната комисија конкретно било прашано дали е потребно да дојде претставник од секторот за да ја образложи точката и вработувањата на што членот на Советот Татјана Стојановска одговорила дека нема потреба ќе се дискутира на Совет.

Бидејќи никој  друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 13 гласа ЗА, 3 гласа ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАНИ, е усвоено Предлог – Решението за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување**

**за 2024 година во Општина Карпош – Скопје.**

**2. Предлог – Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2024 година**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Зема збор член на Советот Ивана Петковска, која разгледувајќи ги материјалите заклучила дека Општина Карпош кон Свето – Пивара должи 15 месечна рата од 8 милиони денари или вкупно 133 милиони денари. Постави прашања за каква пресуда станува збор, односно кој имот се експроприира на Свето Јаневски или неговата фирма Инвестмент Интернешанал? Зошто се чекало да се дојде до пресуда и да се дојде до состојба на блокирање на сметка?
Наместо да се плаќаат пресуди, тие пари можело да се наменат кон социјално ранливите категории на луѓе бидејќи се приоритет.

Зема збор член на Советот Татјана Стојановска која одговори на членот на Советот Ивана Петковска, со укажување дека не е во право. Извршно решение за блокирање доаѓа без никакво сознание. Општина Карпош биле во судска постапка и не можеле да изреагираат и единствено кое бара од Градоначалникот, сите членови на Советот да ја видат судската пресуда и да се изнајде начин како општината да реагира на една ваква судска пресуда.

За збор се јави членот на Советот Славко Митевски кој запраша зошто членот на Советот Ивана Петковска не била во право кога се работи за едногодишно молчење за пресуда за исплаќање на таква голема сума на пари? Општина Карпош е мета за судење и поставува прашање зошто една година никој не постапува по тужбата, мора да постои кривец за тоа?

Зема збор Градоначалникот кој одговори на членот на Советот Славко Митевски дека година дена окако трае процесот Општина Карпош има вложено жалба до Врховен суд. И што ако Врховен суд го врати предметот а Општина Карпош веќе започнала да исплаќа? Токму затоа не е започнато да се плаќа бидејќи е вложена жалба до Врховен суд. Постои и друга тужба граѓани не тужат за зеленило, не е само цртај зеленило ама кога црташ зеленило во приватен имот треба да се плати зошто си го предвидел за зеленило. Ова што се случило на основен и апелационен суд е преседан бидејќи ни се земаат пари за улици кои не се направени и каде што немаме урбанистички план. Односно кога ја поднесе тужбата таму имало урбанистички план во меѓувреме е паднат на уставен суд и за тоа земаат пари, за не направени сервисни улици. Идниот урбанистички план може нема да биде така, може поинаку ќе се впишат сервисните улици, може ќе биде впишано тој сам да си ги прави да не ги прави општината и тогаш ќе немаме обврска да плаќаме за градење на улици. Судијката се повикала на пресуда од ЕУ и врз основа на таа пресуда донела

пресуда Општина Карпош да плаќа пресуди за неизградени улици. Градоначалникот се надева на одлука од Врховен за враќање на постапка.

Зема збор членот на Советот Адријана Јакимовска Панчевска која истакна дека советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата го гласала планот за бензиската на Пуцко, зошто не носење на планот ќе било штетно за сите граѓани на Општина Карпош. На комисијата за финансии се дискутирало за пресудата зошто е вон секој закон и памет да се носи пресуда за нешто што не е изградено.

Зема збор членот на Советот Славко Митевски кој посочи дека членовите на Советот требало да бидат ивестени за пресудата минатата година. А во однос на планот за Пуцко петрол, советничката група на ВМРО ДПМНЕ иницирала вонредна седница за да се изгласа токму тој план, така пто ова се што се прави е на штета на општината.

Зема збор Градоначалникот кој одоговри декав Општината не може да знае кога тој ќе ја блокира сметката, кога ќе поднесе барање за наплата зависи исклучиво од него. Ако сакате да помогнете стручно да го решиме, ајде да се донесе урбанистички план каде што на сите улици што ги експроприирал ќе се предвидат згради, не повисоки од три ката. И сега тој да го откупува земјиштето од Општината и така ќе се вратат парите.

Зема збор Претседателот на Совет која посочи дека Општина Карпош е заглавена во тие 2% доверба кон судот. Изрази благодарност до членовите на Советот кои имаат конструктивен однос кон ситуацијата.

Зема збор членот на Советот Невена Георгиевска, посочи дека неколку пати е кажано и известени се дека постои таква тужба. Што се однесува на судските одлуки се навистина дискутабилни и треба Општина Карпош да си ги искористат сите можни начини, да се пријават до одредени институции за носење вакви одлуки.

Бидејќи никој  друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 15 гласа ЗА, 2 гласа ПРОТИВ и ВОЗДРЖАНИ нема , е усвоена Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2024 година.**

**3. Предлог – Одлука за проширување на средствата за Буџетот на Општина Карпош**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 17 гласа ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е усвоена Предлог – Одлуката за проширување на средствата за Буџетот на Општина Карпош.**

**4. Предлог - Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на нови градежни парцели од ГП 05.01 од ДУП населба Злокуќани опфат "А" со намена В2 – здравство, КО Злокуќани, Општина Карпош, поднесено од БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 11 гласа ЗА, 2 гласа ПРОТИВ и 4 гласа ВОЗДРЖАНИ, не е усвоена Предлог - Одлуката за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на нови градежни парцели од ГП 05.01 од ДУП населба Злокуќани опфат "А" со намена В2 – здравство, КО Злокуќани, Општина Карпош, поднесено од БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје.**

**5. Предлог – План на Програми за развој на Општина Карпош за 2025 година**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 16 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН, усвоен е Планот на Програми за развој на Општина Карпош за 2025 година.**

**6. Предлог – Одлука за давање под закуп на рекламен простор на надземниот премин „Влајко"**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 15 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ, усвоена е Одлуката за давање под закуп на рекламен простор на надземниот премин „Влајко“.**

**7. Предлог – Мислење за Програма за екскурзии, излети и други вонучилишни активности од ООУ „Аврам Писевски “, Општина Карпош - Скопје за 2024/2025 година**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 23 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, усвоено е Мислењето за Програма за екскурзии, излети и други вонучилишни активности од ООУ „Аврам Писевски “, Општина Карпош - Скопје за 2024/2025 година.**

**8. Предлог – Решение за изменување и дополнување на Решението за именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Братство“ Општина Карпош - Скопје**

Претседателот ја повикаАлександра Антевска – претседател на Комисијата за верификација и мандантни прашања, да даде извештај од одржаната седница од комисијата.

Зема збор Александра Антевска претседател на Комисијата за верификација и мандантни прашања која даде извештај од 30. седница на комисијата.

Претседателот даде пауза од 15 минути.

По паузата, претседателот констатираше дека се присутни 21 член на Советот на Општина Карпош, со што може полноважно да се одлучува по точките од дневниот ред.

Зема збор Емилија Арсовска – раководител на Одделението за образование, која посочи дека неколку седници се предложува точка за избор на претставник на Општина Карпош во општинското основно училиште. Тоа претставува законска обврска на Советот и од просветниот инспектор пристигната е опомена во форма на известување дека во најбрз можен рок треба да донесе одлука на Совет, односно да се избере претставник на основачот во училиштето. Арсовска ја образложи и процедурата по која се добиваат професионалните биографии и на крајот Комисијата за верфикација е таа коа одлучува кој од изборот ќе биде предложен до Советот на Општина Карпош.

Зема збор Благица Цветановска – член на Советот на Општина Карпош, која посочи дека

комисијата за јавни дејности не се одржала бидејќи немало кворум но присутните членови и преставници од службите дискутирале на темата за избор на општински претставник во основните училишта и даде предлог, прирачникот за избор да биде потранспарентен, односно огласот да биде објавен на страната за да може граѓаните да знаат каде и како да се пријават доколку имаат желба. Исто така потенцираше дека бидејќи е дел од образованието ќе ги поддржи предлог – точките со ЗА во однос на гласањето.

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 17 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, усвоено е Решението за изменување и дополнување на Решението за именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Братство“ Општина Карпош – Скопје.**

**9. Предлог – Решение за изменување и дополнување на Решението за именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Владо Тасевски“ Општина Карпош - Скопје**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 18 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, усвоено е Решението за изменување и дополнување на Решението за именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Владо Тасевски“ Општина Карпош – Скопје.**

**10. Предлог – Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

**По спроведеното гласање со 21 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, усвоено е Решението за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања.**

**11. Предлог – Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за заштита на животната средина и природата ( екологија и енергетска ефикасност)**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 19 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, усвоено е Решението за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за заштита на животната средина и природата ( екологија и енергетска ефикасност).**

**12. Предлог – Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за комунални работи и сообраќај**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 20 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, усвоено е Решението за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за комунални работи и сообраќај.**

**13. Предлог – Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за јавни дејности (образование, социјална и детска заштита)**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 21 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, усвоено е Решението за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за јавни дејности (образование, социјална и детска заштита).**

**14. Предлог – Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за култура**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 21 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, усвоено е Решението за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за култура.**

**15. Предлог – Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за спорт**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 21 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, усвоено е Решението за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за спорт.**

**16. Предлог – Одлука за отстапување на користење на објект во сопственост на Општина Карпош на Црвениот Крст на Република Северна Македонија – Општина Карпош**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 22 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, усвоена е Одлуката за отстапување на користење на објект во сопственост на Општина Карпош на Црвениот Крст на Република Северна Македонија – Општина Карпош.**

**17. Предлог – Одлука за доделување на финансиски средства за печатење на книга**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Зема збор Емилија Арсовска – раководител на Одделението за образование која посочи дека е должна да даде објаснување дека станува збор за проф. Петар Николоски кој на академијата за денот на роденденот на Општина Карпош имал кратко видео кое се однесува енергетско ефикаснисте фасади на зградите и на некој начин Општина Карпош му должи благодарност за енергетската ефикасноста на зградите во Општина Карпош.

Зема збор Невена Георгиевска – член на Советот на Општина Карпош која посочи дека се работи за човек кој иако е во пензсија неуморно работи и издава книги. Многу е ценет и во регионов и овие средства ќе бидат наменети во насока на нешто што ќе остане нешто вредно.

Зема збор Благица Цветановска – член на Советот на Општина Карпош која истакна дека според темата не би требало да се најде оваа точка како предлог - точка на комисија за јавни дејности, но според програмата од каде се земаат финансиските средства јасно е зошто е дел од јавните дејности. Лично смета дека доволно му е оддадена почит и финансиските средства би требало да се дадат односно наменат кон други целни групи, дечиња итд.

Зема збор Добрила Андоновска – член на Советот на Општина Карпош кој истакна дека образовнието не започнува и завршува само во училиштето, напротив смета дека издавањето на оваа книга ќе биде од корист на идни генерации како стручна литература која ќе се користи.

Зема збор Градоначалникот кој посочи дека во таа книга, на 40 страници авторот пишува за Општина Карпош. Тоа е научна студија која ги кажува ефектите од термичките фасади на зградите во Општина Карпош. Бидејќи е студија која се однесува на Општина Карпош треба предлогот да биде поддржан.

Зема збор претседателот кој укажа членовите на Советот да се приджуваат на темата по која е отворена дискусија. Што се однесува на предлог – точката, посочи дека се работи за книга која е од технички карактер, пишување на техничка литература не е профитабилна дејност. Напротив, се работи за малку од луѓето кои се занимаваат со оваа проблематика за која државата малку доцни и лично смета на овој начин не се помага на Општина Карпош туку на државата и затоа ќе ја поддржи оваа предлог – точка со ЗА во однос на гласањето/усвојувањето.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 15 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ, усвоена е Одлуката за доделување на финансиски средства за печатење на книга.**

**18. Предлог – Одлука за одобрување на финансиски средства за одржување концерт по повод 40 – годишнината од постоењето на група „Меморија“**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Зема збор Татјана Стојановска – член на Советот на Општина Карпош која потенцираше дека ниту минатиот пат ниту сега нема да гласа позитивно за оваа предлог – точка. Лично смета дека вакви точки треба да одат во форма на проекти.

Зема збор Добрила Андоновска – член на Советот на Општина Карпош која реплицираше на Татјана Стојановска – член на Советот на Општина Карпош, прашувајќи која е разликата од поддржување на уметничко друштво каде некој поранешен член на Советот бил дел од групата и поддржување на музичка група која слави љубиљејна годишнина?

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 12 гласа ЗА, 2 гласа ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАНИ, усвоена е Одлуката за одобрување на финансиски средства за одржување концерт по повод 40 – годишнината од постоењето на група „Меморија“.**

**19. Предлог - Одлука за давање согласност за изготвување Физибилити студија за воспоставување на јавно приватно партнерство од областа на енергетската ефикасност - за одржување на јавното осветлување на територија на Општина Карпош**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

За збор се јави Дејан Јонузовски – од секторот за екологија и енергетска ефикасност кој имаше презентација за потребата за изготвување Физибилити студија за воспоставување на јавно приватно партнерство од областа на енергетската ефикасност - за одржување на јавното осветлување на територија на Општина Карпош.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

Се премина на поименично гласање:

1. Член на Советот Зоран Краљевски - ЗА
2. Член на Советот Добрила Андоновска - ЗА
3. Член на Советот Адријана Јакимовска Панчевска – не се изјасни
4. Член на Советот Александар Илиески - ЗА
5. Член на Советот Давор Грче – ВОЗДРЖАН
6. Член на Советот Благица Цветановска - ВОЗДРЖАН
7. Член на Советот Христо Саракинов – не се изјасни
8. Член на Советот Предраг Станковски- не се изјасни
9. Член на Советот Убавица Игнатоска - не се изјасни

10. Член на Советот Марин Докузовски - ЗА
11. Член на Советот Виолета Куновска - ЗА
12. Член на Советот Гордана Ивановски Велковска - ЗА
13. Член на Советот Наталија Спировска – ЗА
14. Член на Советот Јахји Мемедов - ЗА
15. Член на Советот Владимир Бислимовски - ЗА
16. Член на Советот Александра Антевска – ЗА
17. Член на Советот Дејан Лазаревски – ВОЗДРЖАН
18. Член на Советот Мартин Димоски - ЗА
19. Член на Советот Бранко Ристов - ЗА
20. Член на Советот Ивана Петковски - отсутна
21. Член на Советот Славко Митевски - ПРОТИВ
22. Член на Советот Невена Георгиевска - ВОЗДРЖАН
23. Член на Советот Татјана Стојановска – ПРОТИВ

**По спроведеното поименично гласање со 12 гласа ЗА, 2 гласа ПРОТИВ и 4 гласа ВОЗДРЖАНИ, усвоена е Одлуката за давање согласност за изготвување Физибилити студија за воспоставување на јавно приватно партнерство од областа на енергетската ефикасност - за одржување на јавното осветлување на територија на Општина Карпош.**

Претседателот даде збор на Дејан Јунузовски да ја презентира Физибилити студијата.

**20. Советнички прашања**

Зема збор Предраг Станковски - член на Советот кој го постави следното советничко

прашање:
„На ден 19.09.2024 година потпишано од Градоначалник на Општина Карпош, доставено е барање до Град Скопје, за поставување на сообраќајни знаци пред надвозникот на мостот во населбата Бардовци. Прашањето е дали официјално е добиено одговор од Градот Скопје?“

Зема збор Невена Георгиевска член на Советот која ги постави следните советнички прашања:

1. До каде е постапката по барање на граѓани да се постави легнат полицаец пред Центар за стански јазици?

2. Дали може да го достават изготвениот записник од инспекциски надзор со број ИП1бр.64-344 од 18.09.2024 и документ со кој се потврдува дека примателот уредно го примил записникот?

Зема збор Татјана Стојановска член на Советот која ги постави следните советнички прашања:

1.Дали се исплатени средствата одобрени за реализирање на изложба на фотографии со Одлука на Совет за Сашо Саздовски, на 41 седница ?

2.Дали има барање за издавање градежна дозвола или издадена градежна дозвола за поранешниот простор на Институтот за политички и социлошки истражувања, просторот на ќошот на пресек на Партизанска и 8ми Септември, спроти бензинската Макпетрол? Прашањето е пред се поради индиции за нерешени имотно правни односи за земјиштето.

3. Прашањето е од заинтересираните граѓани, Ул Козле бр.132а, прашање од непосредниот сосед кој утврдил дека не е почитуван проектот и исто има усмена информација за истото од градежниот инспектор. Под архивски број 64-7859/1 е поднесено барање за утврдување на неправилност, на ден 07.11.2024. Иако има усна потврда од инспекторот дека проектот не е испочитуван , се уште нема записник и насоки како да се реши проблемот, затоа што градбата пречи на соседот. Молам за записник од установената состојба и насоки за граѓанинот за понатамошните активности со цел да се поправат неправилностите.

По исцрпување на точките од дневниот ред, Претседателот на Советот ја затвори 56. редовна седница на Советот на Општина Карпош која заврши во 13:00 часот.

**Изработил:**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

**Јелена Цветковиќ**

**Број: 09-2483/6**
**Датум: 13.03.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА**
**Бранко Ристов**